СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. 02-463/7
Скопје, 15.04.2024 г.

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА

*Скопје, 12.04.2024 година*

Врз основа на член 136 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24) и член 21 став (1) алинеја 15) во врска со член 78 став (1) алинеја 13) од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.46/23), Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, на седницата одржана на 12.04.2024 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА**

**Член 1**

(1) Во Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17) во член 2 став (1) износите за висината на трошоците се менуваат и гласат:

- во точката 1. износот „2.800,00’“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 2. износот „600,00’’ се заменува со износот „1.000,00“;
- во точката 3. износот „2.600,00“ се заменува со износот „2.900,00“;
- во точката 4. износот „3.200,00“ се заменува со износот „3.500,00“;
- во точката 5. износот „60.000,00“ се заменува со износот „66.000,00“, а износот „30.000,00“ се заменува со износот „33.000,00“.

(2) Во став (2) точка 4., зборот „Пријавата“ се заменува со зборот „Барањето“.
(3) Во став (6) точка 4., зборот „пријава“ се заменува со зборот „барање“.

**Член 2**

(1) Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се објави по добивањето согласност од министерот за здравство.
(2) Овој правилник ќе се објави и во списанието на Комората и на интернет-страницата на Комората.

број 02-463/7
Скопје, 12.04.2024 г.

**СОБРАНИЕ НА СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**д-р Борис Стојанов**

М.П.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Донесувањето на овој правилник е засновано на член 136 став (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23 и 30/24) и член 21 став (1) алинеја 14 во врска со член 78 став (1) алинеја 13 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија, чиј пречистен текст е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 46/23.

Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата е донесен од Собранието на Комората на седницата одржана на 28.03.2017 година и објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17.

Согласно член 136 ставови (1), (2) и (3) од Законот за здравствената заштита, трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа паѓаат на товар на подносителот на барањето. Основни критериуми за утврдување на трошоците се реалните административни и материјални трошоци за спроведување на постапката за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа. Висината на трошоците ја утврдува Стоматолошката комора со општ акт на кој согласност дава министерот за здравство.

Со членот 2 став (1) од Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата, висината на трошоците за постапките во врска со лиценцата за работа се утврдени во следните износи: издавање на лиценца за работа 2.800,00 денари, замена на лиценца (оштетена, изгубена) 600 денари, продолжување на лиценца 2.600,00 денари, обновување на лиценца 3.200,00 денари, издавање на лиценца на странски државјанин за првата година 60.000,00 денари, а за секоја наредна година 30.000,00 денари. Во истиот член 2 од Правилникот, во ставовите од (2) до (6), е определена и содржината на трошоците за висината на износот за сите овие поединечни постапки во врска со лиценцата за работа.

Потребата за зголемување на висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа произлегува од зголемените реални административни и материјални трошоци за спроведување на овие постапки, пропишани со член 136 став (2) од Законот за здравствената заштита како основни критериуми за утврдување на трошоците. Тие трошоци, како што е утврдено со основниот текст на Правилникот во одредбите што не се предмет на промена со овој правилник и што ќе продолжат да важат, се состојат од трошоци за работа на членовите на работните тела, административните работници на Комората и стручните лица ангажирани како надворешни соработници, материјални трошоци за набавка на хартија, обрасци и друг канцелариски материјал, печатење и изработка на обрасците за лиценците за работа, како и за надворешни соработници за одржување на апликативната програма и за заштита на податоците.

Административните и материјалните трошоци за спроведување на постапките за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа се зголемени како резултат на зголемените трошоци за работа и надомест за исплата на патни и дневни трошоци на членовите на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија, како и на зголемување на трошоците за канцелариски материјали за водење и завршување на постапките, како содржински елементи во оформувањето на висината на вкупните трошоци за постапките.

Со Одлука бр. 02-666/1 од 22.06.2022 година на Извршниот одбор на Комората, надоместот за присуство на седници на членовите на постојаните комисии на Комората, меѓу кои е и Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија, се зголемува од 700,00 на 1.000,00 денари. Овие трошоци дополнително се зголемени со Одлука бр. 02-1335/8 од 13.12.2023 година на Извршниот одбор на Комората, со која надоместот за присуство на седници и/или работни состаноци е зголемен на 1.500,00

денари. Според податоците добиени од Секторот финансии на Комората, трошоците за канцелариски материјали за водење и завршување на постапките во 2022 година се зголемени за околу 20% во однос на истите трошоци во 2021 година, а истите трошоци во 2023 година се повторно зголемени за околу 20% во однос на трошоците во 2022 година.

Со склучување на Договор за изработка и поддршка на веб-апликација бр. 03-940/1 од 12.10.2022 г. со НЕКСТСЕНС и Анекс 1 кон Договор бр. 03-503/10 од 03.05.2023 г., трошоците за одржување на апликативната програма и за заштита на податоците се зголемени за околу 20.000,00 денари месечно.

Споредбено, согласно одредбите од правилниците на другите комори, трошоците за издавање лиценца за работа од Лекарската комора на доктор на медицина за примарна здравствена заштита, времена лиценца како постар специјализант и специјалистичка или супспецијалистичка лиценца се надоместуваат во износ кој еднократно се плаќа и изнесува 1.500,00 денари, а од Фармацевтската комора трошоците за издавање лиценца за работа изнесуваат 3.500,00 денари. Трошоците за обновување на лиценцата изнесуваат 840,00 денари од Лекарската комора и 3.000,00 денари од Фармацевтската комора.

Иако трошоците за издавање лиценца за работа и за обновување на лиценцата за работа утврдени од Лекарската комора се во помал износ во споредба со трошоците за истите постапки утврдени со овој правилник на Стоматолошката комора, висината на членарината за членовите на Лекарската комора е речиси двојно поголема од висината на членарината за членовите на Стоматолошката комора. Од друга страна, трошоците за издавање лиценца за работа и за замена на лиценцата за работа утврдени од Фармацевтската комора остануваат во повисок износ во споредба со трошоците за истите постапки утврдени со овој правилник на Стоматолошката комора.

Висината на трошоците за издавање, замена, продолжување, обновување на лиценца за работа и издавањето лиценца за странски државјани во трите комори, Стоматолошка, Лекарска и Фармацевтска, како и висината на членарината, прикажани споредбено:

| | СТОМАТОЛОШКА КОМОРА | | ЛЕКАРСКА КОМОРА | ФАРМАЦЕВТСКА КОМОРА |
|---|---|---|---|---|
| | важечки износ | нов износ | | |
| издавање лиценца | 2.800,00 | 3.500,00 | 1.500,00 | 3.500,00 |
| замена на лиценца | 600,00 | 1.000,00 | 600,00 | 1.000,00 |
| продолжување на лиценца | 2.600,00 | 2.900,00 | 2.600,00 | 2.000,00 |
| обновување на лиценца | 3.200,00 | 3.500,00 | 840,00 | 3.000,00 |
| лиценца на странски државјани | за првата година 60 000,00 | 66.000,00 | 60.000,00 | / |
| | за секоја наредна година 30.000,00 | 33.000,00 | 30.000,00 | |
| членарина | 1500,00 годишно /125,00 месечно | / | 210,00 месечно | 180,00 месечно |

Во секој случај, во рамките на спроведувањето на јавното овластување за издавање, обновување, продолжување и одземање на лиценца на здравствените работници, коморите самостојно ја пресметуваат и оформуваат висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа, врз основа на законски определените основни критериуми кои се однесуваат на реалните административни и материјални трошоци за спроведување на овие постапки, со согласност на министерот за здравство.

Измената на член 2 став (1) во однос на износите за висината на трошоците што се утврдуваат со овој правилник на Стоматолошката комора е резултат на анализа на сите релевантни аспекти во оформувањето на износите за секоја конкретна постапка во врска со лиценцата за работа и се утврдени врз основа на реалните административни и материјални трошоци за спроведување на постапките за издавање, продолжување и обновување на лиценцата за работа во Комората.

Со членот 2 ставови (2) до (6) од Правилникот за висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата е определена и содржината на трошоците за висината на износот за сите поединечни постапки во врска со лиценцата за работа. Во дел од одредбите се употребува поимот „пријава“ како писмен документ што го поднесува докторот на стоматологија до Комората.

Со членот 14 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија донесен од Собранието на Стоматолошката комора на Македонија, чиј пречистен текст е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 46/23, е пропишано дека членство во Комората се остварува со поднесување на писмено барање за зачленување од докторот на стоматологија, писмено барање за издавање, обновување и продолжување на лиценца за работа од доктор на стоматологија кој ги исполнува условите утврдени со Законот за здравствената заштита и поднесување на барање за упис во Регистарот на издадени, обновени, продолжени и одземени лиценци за работа за доктор на стоматологија кој врши стоматолошка дејност. Во овие и во други одредби од Статутот за овие постапки и правни ситуации се употребува поимот „барање“ како писмен документ што го поднесува докторот на стоматологија до Комората.

Во усогласување со Статутот на Комората во оваа смисла, донесен е Правилникот за изменување на Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/17), објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 64 од 17.03.2022 година.

Измената на член 2 став (2) точка 4. и член 2 став (6) точка 4. во однос на видот и карактерот на писмениот документ што го поднесува докторот на стоматологија до Стоматолошката комора е усогласување на одредбите и од овој правилник со членот 14 од Статутот на Комората.

**ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА**
**ОД ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ, ПРОДОЛЖУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ**
**ЗА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ**
**СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА**
**(„СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР. 115/17)**
**ШТО СЕ МЕНУВА**

**Член 2**

(1) Висината на трошоците за издавање, продолжување и обновување на лиценците за работа на здравствени работници со високо образование од областа на стоматологијата (во натамошниот текст: доктор на стоматологија) се утврдуваат во зависност од реалните административни трошоци кои се состојат од трошоци за работа на членовите на работните тела, административните работници на Комората и стручните лица ангажирани како надворешни соработници, како и материјални трошоци за набавка на хартија, обрасци и друг канцелариски материјал, печатење и изработка на обрасците за лиценците за работа и тоа за:

| | |
|---|---|
| 1. Издавање на лиценца за работа | 2.800,00 денари |
| 2. Замена на лиценца (оштетена, изгубена) | 600,00 денари |
| 3. Продолжување на лиценца | 2.600,00 денари |
| 4. Обновување на лиценца | 3.200,00 денари |
| 5. Издавање на лиценца на странски државјани | |
| - за првата година | 60.000,00 денари |
| - за секоја наредна година | 30.000,00 денари. |

(2) Висината на износот од став (1) на овој член за издавање на лиценца за работа ги содржи трошоците за:

1. стручната служба за отворање на досие за секој доктор на стоматологија поединечно, за упис во Регистарот на издадени, продолжени, обновени и одземени лиценци за работа (во натамошниот текст: Регистар) кој се води рачно и во електронска форма и издавање на членска карта и нејзино печатење;

2. надомест за членовите на Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија;

3. за надворешни соработници за одржување на апликативната програма и за заштита на податоците, и

4. за печатење на Пријавата за упис во Регистарот на докторите, за членска карта и за набавка на тонери за нејзино завршно печатење.

(3) Висината на износот од став (1) на овој член точка 2, замена на лиценца за работа, ги содржи трошоците за повторно печатење на загубена или оштетена лиценца.

(4) Висината на износот од став (1) на овој член точка 3, продолжување на лиценца за работа ги содржи трошоците за:

1. надомест за Комисијата за стоматолошка етика и деонтологија;

2. стручната служба за ажурирање на досието на докторот на стоматологија поединечно, за упис во Регистарот;

3. издавање на решение за продолжување на лиценцата за работа.

(5) Висината на износот од став (1) на овој член точка 4, обновување на лиценцата за работа, ги содржи следните трошоци:

- печатење на КСУ листи, печатење на образецот на лиценца за работа, за набавка на тонери за завршно печатење на образецот;

(6) Висината на износот од став (1) на овој член точка 5, издавање на лиценца за работа на доктори на стоматологија странски државјани, ги содржи следните трошоци:

1. надомест за времената Комисијата за преглед на документи за издавање, продолжување и обновување на лиценца;

2. стручната служба за подготовка на состаноци, за комуникација со надворешни институции, за исплата на записничар, архивирање на влезните документи, отворање на досие на докторот што аплицира, внес на податоци во книга Регистер на доктори и во електронска форма на Регистерот на доктори;

3. стручни лица надворешни соработници за одржување на софтверот на Регистерот на доктори и редовен бек ап на податоците кои се внесуваат;

4. подготовка на состаноците, за комуникација со надворешни комори, за печатење на пријава, печатење на лиценца и членска карта.